СЕГА
Коалиција на младински организации
Коалиција на младински организации СЕГА
ул. Иво Лола Рибар 5, 7500 Прилеп, Македонија
Тел/факс: +389 48 429 390
www.sega.org.mk sega@sega.org.mk

Врз основа на член 23 од Статутот на организацијата Управниот одбор на Коалицијата на младински организации СЕГА, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за процедура за исплата на патни трошоци за активности кои ги спроведува Коалиција СЕГА**

## Член 1

На седницата на Управниот одбор одржана на 07.08.2009 година истиот донесе одлука за процедура за исплата на патни трошоци за активности кои ги спроведува Коалиција СЕГА. Патните трошоци кои Коалицијата СЕГА ги исплаќа на учесници при организирање на активности ќе се исплаќаат во висина на актуелната цена на автобуски билет (добена од автобуските превозници од или надвор од РМ) во зависност од местото на тргнување на учесникот.

## Член 2

За рефундирање на патните трошоци направени при патување со автобус, учесникот е должен да приложи соодветен автобуски билет.

## Член 3

Доколку учесниците на активности кои ги организира Коалиција СЕГА патуваат со сопствено моторно возило висината на исплата на патни трошоци ќе се врши со пресметка од 5 денари по изминат километар вклучувајќи ги и трошоците за патарини во двата правци, под услов во возилото да патуваат најмалку двајца учесници за истата активност.

## Член 4

Доколку учесникот патува сам со сопствено моторно возило, висината на патните трошоци ќе се пресметува е во висина од 50% од вкупниот трошок направен за патувањето, одобрен и опишан во член 3.

## Член 5

За рефундирање на патните трошоци направени со сопствено возило, учесникот е должен да приложи соодветна сметка за купено гориво. Доколку сметката за купено гориво е повисока од одобрените средства, на учесникот ќе му биде исплатена сума во висина на одобрените средства.

**Член 6**

Доколку учесниците на активности кои ги организира Коалиција СЕГА патуваат со такси превоз висината на исплата на патни трошоци ќе се врши во согласност со одобрените трошоци во член 1.

**Член 7**

За рефундирање на патните трошоци направени при патување такси превоз, учесникот е должен да приложи соодветна такси сметка.

**Член 8**

Оваа одлука стапува во сила веднаш по нејзиното донесување.

07.08.2009 год.

Прилеп

Коалиција на младински организации
СЕГА
Претседател на УО
с.р. Димче Каневче